Врз основа на член 72 став 1, член 75 и член 108 став 1 алинеа 12 од Законот за основното образование (Сл. весник на Република Северна Македонија бр.161/19), Училишниот одбор на ден 23.02.2023 година го донесе следниот:

# П Р А В И Л Н И К
# За регулирање на редовноста, отсуствата на учениците од настава за пофалби и награди и за видот на педагошките мерки и начинот за нивно изрекување

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се утврдува, правата и обврските на учениците, односно редовност на настава на учениците, изостаноците, начинот на регулирање на изостаноците, видот на педагошките мерки и начинот за нивно изрекување.

## II. РЕДОВНОСТ, ИЗОСТАНОЦИ И НАЧИН НА ОПРАВДУВАЊЕ НА ИЗОСТАНОЦИТЕ

### Член 2

Основно право и обврска на секој ученик е редовно да присуствува на сите наставни часови и на сите други задолжителни активности што треба да се спроведуваат во паралелката во која учи ученикот, како и да ги исполнува обврските утврдени со Законот за основно образование и општите акти на учлиштето.

### Член 3

За време на одржувањето на наставниот час, како и на другите активности, ученикот не смее со своето однесување да го попречува изведувањето на наставата, ниту да ја наршува работната атмосфера во паралелката.

### Член 4

За секое изостанување на ученикот од настава родителот односно старателот е должен да го извести раководителот на паралелката за причините за изостанувањето. Ученикот може да отсуствува од наставата ако неговото изостанување родителот односно старателот го најави однапред во училиштето, но не повеќе од пет дена во наставната година. Директорот на училиштето по писмено барање на родителите односно старателите од оправдани причини може да му дозволи на ученикот подолго изостанување од наставата, но не подолго од 30 дена.

### Член 5

За време на траењето на наставниот час, наставникот не смее да го остранува ученикот од час, ниту психичко или телесно да го казнува. За евентуалните негови недозволени постапки за време на одржувањето на наставни или други задолжителни активност ќе го опомени ученикот и доколку нема резултат

задолжително ќе го извести одделенскиот раководител, кој има обврска да разговора со ученикот, во присуство на еден од родителите, а по потреба и со стручните соработници во училиштето, за што секој води сопствена евиденција.

## III. НАГРАДИ И ПОФАЛБИ

### Член 6

Со пофалбите и наградите се стимулира развојот на позитивните особини кај учениците, се јакне вербата во сопствените можности и се дава признание за постигнатите успеси во воспитно-образовната дејност.

### Член 7

Пофалби на ученици се доделуваат во текот или на крајот на учебната година за постигнатиот одличен успех и примерно поведение, примерен однос кон наставниците и посебен допринос во редот и другарството во паралелката по одлука донесена на одделенските совети. Пофалените ученици треба да бидат позитивен пример за другите ученици во паралелките и училиштето, при што ќе се огледаат на нивниот одличен успех и целокупното нивно поведение како личност - ученик.

Пофалбите се доделуваат усно и писмено. Усните пофалби за учениците се читаат на училишното радио. Писмените пофалби се даваат во вид на пофалница.

Наградите се даваат во вид на одредени вредности што одговараат на нивната педагошка намена (книги, билети за театарска или кино претстава или други културно уметнички или спортски претстави, ученички прибор и др.)

### Член 8

За пофалбите и наградите во училиштето се води евиденција во записниците од состаноци на одделенски и наставничкиот совет.

### Член 9

Дипломи, пофалници и награди се доделуваат на:
Учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигања, основното училиште ги пофалува, односно наградува.

На учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или воннаставни активности, основното училиште, на предлог на наставничкиот совет, им издава посебни дипломи и пофалници.

На крајот на деветтото одделение училиштето може да издаде диплома за првенец на генерација најмногу на тројца ученици, кои:

- постигнале успеси на натпревари во име на училиштето;
- активно учествувале во слободните ученички активности;
- покажува активност во работата на ученичките организации;
- има освоено награди, дипломи или други признанија на ликовни, литературни или друг вид конкурси во име на училиштето;
- покажува примерен однос во училиштето и надвор од него;
- има континуиран одличен успех по сите наставни предмети;
- нема изречена педагошка мерка во текот на школувањето;
- континуирано има примерно поведение;

**Член 10**

Одлуката за прогласување на ученик за првенец на генерација ја донесува Наставничкиот совет.

**Член 11**

Предлог на ученик-кандидат за првенец на генерација може да даде: раководител на паралелка, предметен наставник, стручен соработник или директорот.

**Член 12**

За првенец на генерација може самостојно да се предложи и ученик - поединец.

**Член 13**

Секој предложен ученик е должен до Училишната комисија за пофалби и награди да ги достави потребните документи со кои се исполнуваат критериумите предвидени во овој правилник. Комисијата изготвува бодовна листа за секој ученик посебно, утврдува предлог на ученик за првенец на генерација и предлогот со бодовната листа го доставува до Наставничкиот совет.

**Член 14**

Постапката за избор на ученик - првенец на генерација ја води Комисија за пофалби и награди на училиштето. Училишната комисија за пофалби и награди ја сочинуваат три наставници кои ги именува Наставничкиот совет на училиштето за секоја учебна година посебно од редот на наставниците кои не се одделенски раководители во деветто одделение и не биле одделенски наставници на таа генерација ученици. Во работата на Училишната комисија учествуваат и двајца ученици избрани од раководството на Ученичката заедница на училиштето и кои не се кандидати за првенец.

**Член 15**

Секој критериум што го исполнува кандидатот за првенец на генерација, Комисијата за пофалби и награди, го вреднува на следниот начин:

- Континуирано примерно поведение од 1 до 9 одделение - 5 бода;
- Континуиран одличен успех од 1 до 9 одделение - 20 бода;
- За учество во воннаставните активности по 2 бода за секоја активност, ако тоа се докаже со соодветен документ, (список на членови на секцијата);

За добиени награди, дипломи, пофалници, благодарници или признанија во текот на основното образование, ( од прво до деветто одделение).

**Критериуми за избор на првенец на генерација**

За еден ученик да биде земен во предвид при изборот на првенец на генерација од наставнички совет треба:

- да има одличен успех
- примерно поведение во текот на цело дотогашно школување и позитивно однесување (развивање другарство, почитување и давање помош на другите ученици и друго - од искажување на предметните наставници)
- особено да се истакнува во еден или повеќе предмети (натпревари и постигнати резултати)
- редовно да посетува настава (увид во училишен дневник)
- со своето однесување во училиштето и надвор од него, значително придонесува за угледот и афирмацијата на училиштето
- да учествува на натпревари кои се организираат во училиштето и надвор од него од страна на акредитирани здруженија и да постигне добри резултати
- во текот на школувањето да не му биде изречена воспитно-дисциплинска мерка
- залагање и постигнат успех во слободните ученички активности (натпревари, литературни, ликовни и други наградни конкурси, изложби, лични трудови и сл.)
- залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни, еко и др.)

**Бодување на постигнувањата на ученикот:**

| НАТПРЕВАРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | учество | пофалница | 3 место | 2 место | 1 место |
| Училишен натпревар | 1 | 3 | 5 | 7 | 9 |
| Општински натпревар | 3 | 5 | 7 | 9 | 11 |
| Регионален натпревар | 5 | 7 | 9 | 11 | 13 |
| Државен натпревар | 7 | 9 | 11 | 13 | 15 |
| Олимпијада | 15 | 17 | 19 | 21 | 23 |
| Балканијада | 20 | 22 | 24 | 26 | 28 |
| КЕНГУР | 5 | 7 | 9 | 13 | 15 |
| ЛИТЕРАТУРНИ/ ЛИКОВНИ / НАГРАДНИ КОНКУРСИ ВО СПИСАНИЈА | | | | | |
| Училишен натпревар | 1 | 3 | 5 | 7 | 9 |
| Општински натпревар | 3 | 5 | 7 | 9 | 11 |
| Регионален натпревар | 5 | 7 | 9 | 11 | 13 |
| Државен натпревар | 7 | 9 | 11 | 13 | 15 |
| Меѓународен натпревар | 15 | 17 | 19 | 21 | 23 |
| СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ | | | | | |
| ПОЕДИНЕЧНО | | | | | |
| Училишен натпревар | 1 | 3 | 5 | 7 | 9 |
| Општински натпревар | 3 | 5 | 7 | 9 | 11 |
| Регионален натпревар | 5 | 7 | 9 | 11 | 13 |
| Државен натпревар | 7 | 9 | 11 | 13 | 15 |
| Меѓународен натпревар | 15 | 17 | 19 | 21 | 23 |
| ЕКИПНО | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Училишен натпревар | 1 | 3 | 5 | 7 | 9 |
| Општински натпревар | 2 | 4 | 6 | 8 | 10 |
| Регионален натпревар | 3 | 5 | 7 | 9 | 11 |
| Државен натпревар | 4 | 6 | 8 | 10 | 12 |
| Меѓународен натпревар | 5 | 7 | 9 | 11 | 13 |
| АКТИВНОСТИ ВО УЧИЛИШТЕТО И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА | | | | | |
| Еко | Секоја активност носи 2 поени доколку е групна (екипна) и 5 поени доколку е поединечна. | | | | |
| Мио | | | | | |
| Хуманитарни | | | | | |
| Ненасилство | | | | | |
| Културни | | | | | |
| Производствени( пазар...) | | | | | |

За одговорна улога во активностите на одделенската заедница, детската организација, организацијата на Црвениот крст или друга организација на учениците, на ученикот му се доделуваат по 2 бода за активноста во секоја подинечно во која постигнал одредени резултати.

**Член 16**

Ученикот што е прогласен за првенец на генерација добива посебна диплома, а во зависност од можностите на училиштето и некоја вредна награда. Истата му се врачува на денот на доделување на свидителствата за завршено основно образование.

## IV. ПЕДАГОШКИ МЕРКИ

**Член 17**

Целта на педагошките мерки е спречување на повреда на должностите на учениците, како и неисполнување на обврските во согласност со Законот за основно образование.

На сите ученици кои ги прекршуваат правилата на училишниот ред, се изрекуваат педагошки мерки, со цел учениците да бидат одговорни и да се спречат сите негативни појави во училиштето.

Педагошките мерки се изрекуваат објективно, одмерено, праведно и педагошки одговорно.

Педагошките мерки се изрекуваат индивидуално за секој ученик по претходно согледување и анализирање на околностите кои довеле до потребата од нивно изрекување.

**Член 18**

Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно- образовната работа се применуваат следниве педагошки мерки:

-усна опомена,

-писмена опомена,

-укор,

-преместување на ученикот во друга паралелка и

-намалување на поведението.

**Член 19**

Педагошките мерки се изрекуваат постепено.

**Член 20**

Педагошките мерки се изрекуваат кај учениците кои:

- Недолично и неодговорно се однесуваат спрема наставниците и другите вработени во училиштето;
- Физичко насилство кон соучениците, наставниците и другите вработени во училиштето;
- Не го почитуваат Кодексот на однесување на училиштето;
- Ја попречуваат воспитно-образовната работа во паралелката и училиштето;
- Предизвикување на неред и уништување училишниот имот ;
- Нередовно посетување на наставата: доцнење, бегање, организирано бегање од часови од страна на една паралелка континуирано непосетување на наставата;
- Злоупотреба на мобилни телефони и други уреди во текот на наставата поради фотографирање и снимање недозволени содржини;
- Непристојно однесување за време на посета на изложби, излети, екскурзии и други манифестации кои се задолжителни, односно утврдени со Програмата на училиштето;
- Вршење сајбер насилство (континуирано вршење притисок преку користење на социјалните мрежи употребувајќи недолични зборови, неодобрено објавување на фотографии и видео записи со недолична содржина направени во училиштето кои вршат повреда на угледот, честа и достоинството на личноста);
- Крадење од училишен, ученички или личен имот на наставници;
- внесување или конзумирање на цигари, алкохол и психоактивни супстанции во училишниот двор и зграда;
- Внесување на оружје и опасни предмети во училиштето и училишниот двор;
- користење, злоупотреба, фалсификување и уништување на службени документи на училиштето, сопствени и податоци на друг ученик од педагошката документација.

**Член 21**

Изрекувањето на педагошките мерки, од овој Правилник е по Предлог на Одделенскиот раководител.

**Член 22**

Со изрекување на педагошките мерки од ставот на овој член, директорот на училиштето формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот.

Тимот за поддршка е составен од двајца претставници од редот на стручните соработници и еден наставник. Училиштето може да повика и трети лица, (социјален работник) да учествуваат во тимот за поддршка.

Начинот на изрекување на педагошките мерки го пропишува министерот, на предлог на Бирото.

**Член 23**

За секоја изречена педагошка мерка на ученикот се известува родителот односно старателот усно во рок од три дена од денот на донесувањето. (До колку изречената педагошка мерка е за оштетување на училишниот инвентар, родителот односно старателот на ученикот, е должен да ја поправи или надомести.)

**Член 24**

За изречените педагошки мерки од овој правилник, родителот односно старателот може да поднесе приговор во рок од 7 (седум) дена од денот на известувањето.

**Член 25**

Приговорот се поднесува до Училишниот одбор кој може педагошката мерка да ја потврди, измени или укине. Училишниот одбор пред да го разгледува приговорот бара мислење од Наставничкиот совет и директорот на училиштето.

Одлуката по приговорот е конечна.

**Член 26**

Изречените педагошки мерки се евидентираат во соодветна педагошка документација (во дневник на паралелката, во евидентен лист за писмена опомена, во записник од тим за поддршка, во записник од Одделенски совет)

**Член 27**

Педагошките мерки од овој Правилник важат до крајот на учебната година во која се изречени. Кога ќе настанат позитивни промени кај ученикот, изречената педагошка мерка намалување на поведението се повлекува.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 28**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот донесен од Училишниот одбор при ООУ „Св.Климент Охридски"- Битола со број 02-260/2 од 14.12.2009 година.

**Член 29**

Овој Правилник стапува во сила од денот на неговото донесување.

02-81/16
23.02.2023година
Битола

Претседател на УО
_______________
Милена Мајсторовска